**20250811774**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 48 став (13) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА, КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на вршители на аквакултура, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на вршители на аквакултура, како и потребната документација.

Член 2

Регистарот на вршители на аквакултура (во натамошниот текст: Регистарот) се води во електронска форма, на евиденциски листови во кои се внесуваат податоците добиени од доставените барања со потребната документација за запишување во Регистарот.

Формата и содржината на Регистарот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за запишување во Регистарот се поднесува на образец на хартија во бела боја во А4 формат или во електронска форма.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Кон барањето за запишување во Регистарот се приложува следната потребна документација:

- имотен лист издаден од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, освен во случај на поставени кафези или договор за користење на површината/капацитетот /објектот за аквакултура, доколку не е во сопственост на подносителот на барањето;
- дозвола за користење на вода издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- изјава од подносителот за сопственост на кафезите, само за поставени кафези;
- карта за идентификација на одгледувалиште со регистарски број на одгледувалиште (РБО) издадена од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и
- потврда за регистрирана дејност слатководна аквакултура (ПРД) и/или тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија (за правни лица) или решение за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства издадено од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (за физички лица).

Документите од ставот 1 на овој член се доставуваат во оригинал или како копија заверена на нотар.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на одгледувачи на риби, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот, како и потребните докази за исполнување на условите за запишување во регистарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/19).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-4870/1
15 април 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

# РЕГИСТАР НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА

| Податоци за Решението за запишување во Регистарот на вршители на аквакултура | Податоци за вршителот на аквакултура | Податоци за површината/капацитетот/објектот за аквакултура |
|---|---|---|
| ____________<br>(реден број)<br><br>____________<br>(архивски број)<br><br>____________<br>(датум на издавање) | ____________<br>(име и презиме на физичко лице или назив на правно лице)<br><br>____________<br>(адреса на физичко лице или седиште на правно лице)<br><br>____________<br>(матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија / единствен матичен број на субјектот)<br><br>____________<br>(единствен даночен број)<br><br>____________<br>(шифра и дејност (за правни лица))<br><br>____________<br>(број на дозволата за користење на вода)<br><br>____________<br>(датум на издавање на дозволата за користење на вода) | ____________<br>(број на катастарска парцела)<br><br>____________<br>(површина на катастарска парцела во m²)<br><br>____________<br>(место викано)<br><br>____________<br>(катастарска општина)<br><br>____________<br>(име на вода)<br><br>____________<br>(инсталиран капацитет во kg)<br><br>____________<br>____________<br>____________<br>(видови риби кои се одгледуваат) |

| Податоци за изменување и/или дополнување на заведените податоци | Податоци за бришење од Регистарот на вршители на аквакултура |
|---|---|
| Архивски број и датум на решението за изменување и/или дополнување на решението за запишување во Регистарот<br>1. ____________<br>2. ____________<br>3. ____________<br><br>Причини за изменување и/или дополнување<br>1. ____________<br>2. ____________<br>3. ____________ | Архивски број и датум на решението<br>1. ____________<br>2. ____________<br>3. ____________<br><br>Причини за бришење од Регистарот на вршители на аквакултура<br>1. ____________<br>2. ____________<br>3. ____________ |

Прилог 2

БАРАЊЕ
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ВРШИТЕЛИ НА АКВАКУЛТУРА

| | | |
|---|---|---|
| **1. Податоци за подносителот на барањето** | | |
| 1.1. | Име и презиме на физичкото лице или назив на правното лице | |
| 1.2. | Адреса на физичкото лице или седиште на правното лице | |
| 1.3. | Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или единствен матичен број на субјектот | |
| 1.4. | Единствен даночен број | |
| 1.5. | Шифра и дејност (за правни лица) | |
| 1.6. | Број и датум на издавање на дозволата за користење на вода | |
| **2. Податоци за површината/капацитетот/објектот за аквакултура** | | |
| 2.1. | Број на катастарска парцела | |
| 2.2. | Површина на катастарска парцела во $m^2$ | |
| 2.3. | Место викано | |
| 2.4. | Катастарска општина | |
| 2.5. | Име на вода | |
| 2.6. | Инсталиран капацитет во kg | |
| 2.7. | Видови риби кои се одгледуваат | ☐ виножитна пастрмка |
| | | ☐ речна пастрмка |
| | | ☐ охридска пастрмка |
| | | ☐ крап |
| | | ☐ сом |
| | | ☐ амур |
| | | ☐ толстолобик |
| | | Други видови риби<br>(да се наведе видот)<br>________________<br>________________<br>________________ |
| **3. Податоци за контакт** | | |
| 3.1. | Е – пошта | |
| 3.2. | Контакт телефон | |

______________________
Име и презиме и потпис
на одговорно лице